ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 18 ДАТА 01.07.2022 ГОДИНА 40

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 18 ДАТА 01.07.2022 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБЛАСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Седница од 01.07.2022 година**
**за ОФС Тетово**

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот Фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Абдула Џелил од Фудбалскиот клуб „Ренова„ АД од с. Џепчиште, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Вондра Јан од Фудбалскиот клуб „Бехемијанс„ Прага од Република Чешка за Фудбалскиот клуб „Шкендија„ АД од Тетово по член 35/11, поради некомплетна документација (нема Сертификат, Одобтрение од Меѓународна комисија на Фудбалската Федерација на Македонија, Барање од Министерството за внатрешни рабиоти на РСМ за привремен престој во РСМ и уплата на паричен надоместок за 6-ти странец).

Не се објавува договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал склучен помеѓу Фудбалскиот клуб „Шкенидја„ АД од Тетово и фудбалерот Вондра Јан во времетаење од 1 (една) годна до Летен преоден рок 2023 година, односно до 14.06.2023 година.

- **Напомена:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово, соглансо Одлуката од Управниот одбор на Фудбалската Федериција на Македонија број 0202-318/1-5/7-2 од 18.02.2014 година должна е да уплати паричен надоместок за 5-ти странец за фудбалерот Леар Сабриу кој се враќа од странство од ФК „Скендербеу„ од Корча од Република Албанија, како позајмен фудбалер.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО**
**Седница од 30.06,2022 година**

- **Регистација на фудбалри:**

ФК „СИЛЕКС„ АД Кратово: Серафимовски В. Виктор од Фудбалски клуб „Ренова„ АД од село Џепчиште, по член 35/3.

- **Склчување на професионални договори:**

ФК„Силекс„ АД од Кратово фудбалерот Серафимовски Виктор склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2023 година, односно до 14.06.2023 година.

ФК „Силекс„ АД од Кратово и фудбалерот Алији И. Бурхан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една)година до Летен преоден рок 2023 година, односно до 14.06.2023 година.

ФК „Силекс„ АД од Кратово и фудбалерот Божиновски Б. Даниел склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2024 година, односно до 14.06.2024 гходина.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 27.06.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927„ АД од Скопје: Цепхас Реналдо Шовајне од Фудбалскиот клуб „Арменд Гарденс„ од Јамајка, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927„ од Скопје и фудбалерот Цепхас Реналдо Шовајне склучија договор за вработување на фудбалер за профеисоанално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години, до Летен преоден рок 2025 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 21.06.2022 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ„ АД Струмица:Ѓорѓиевски К.Марко од Фудбалскиот клуб „Вождовац„ од Белград, Република Србија, по член 35/11.

- **Склчување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Академија Пандев„ АД од Стррумица и фудбалерот Ѓорѓиевски К. Марко склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2025 година, односно до 14.06.2025 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**
**Седница од 30.06.2022 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Струга Трим Лум„ од Струга и фудбалерот Исени Бесир го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Струга, фудбалерот Исени Бесир со Ид.бр. 120839 од Фудбалскиот клуб „Струга Трим Лум„ АД од Струга, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 10-1640/2
01.07.2022 год.

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Арлинда Кадри Шахиновиќ – претседавач, Бојан Силјановски-зам.претседавач, Бранко Здравевски- член и Херолинд Сакипи - член, постапувајќи по жалбата поднесена од ФК Шкендија АД Тетово, член во Прва МФЛ, пр.број 10-1296/1 од 25.05.2022 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-1290/2 од 20.05.2022 година, врз основа на одредбите од член 145 став 1 алинеа 3 од ДП на ФФМ, на седницата одржана на ден 01.07.2022 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се усвојува жалбата со пр.број 10-1296/1 од 25.05.2022 година поднесена од ФК Шкендија АД Тетово, член во Прва МФЛ против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-1290/2 од 20.05.2022 година.

2. Се укинува одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр бр. 08-1290/2 од 20.05.2022 година со која ФК Шкендија АД Тетово, член во Прва МФЛ, поради слаба органзација, користење на пиротехнички средства од страна на своите навивачи, фрлање на тврди предмети и пластични шишиња на терен, како и извикување на пароли со расистичка содржина на натпреварот од 32 коло во рамки на Прва МФЛ помеѓу ФК Шкендија АД – ФК. Шкупи 1927 АД, се казнува со Забрана за одигрување на 4 (четири) првенствени-куп натпревари на свој терен (да се одиграат на оддалеченост од 100 км од местото на прекршокото) како и парична казна во висина од 5.000,оо (пет илјади) евра, во денарска противвредност на денот на уплатата..

3. Предметот се враќа на повторно постапување пред Дисциплинската комисија на ФФМ.

4. Одлуката е конечна.

5. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ФК Шкендија АД Тетово, фудбалски клуб од Прва МФЛ, незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-1290/2 од 20.05.2022 година, поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Во жалбените наводи, подносителот се жали на видот и висината на изречената санкција од првостепениот орган сметајќи дека истата е превисока и бара да биде заменета со алтернативна санкција која е исто предвидена за ваков вид на прекршоци односно да се изрече санкција на одигрување на одреден број натпревари без присуство на публика поради тоа што одигрувањето на одреден број на натпревари без присуство на публика во

целост ќе ја исполни целта на казнувањето а воедно ќе се исполни и ефектот на казнувањето.

Комисијата при одлучување ги зема во предвид материјалните докази достапни на Комисијата од постапката водена пред првостепениот орган меѓу кои:

- пријава од Комисијата за натпревари до деловоден број: 15-1194/1 од 10.05.2022г.;
- записник од натпреварот ФК Шкендија АД – ФК Шкупи 1927 АД одигран на ден 08.05.2022 година во рамките на 32 коло од Прва МФЛ во Тетово;
- делегатски извештај;
- одлука на Дисциплинска комисија бр. 08-1290/2 од 20.05.2022 година;
- мислење на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-1357/5 од 31.05.2022година.

Комисијата ја имаше на увид и Одлуката бр. 15-1190/5 од 10.05.2022 година донесена од Комисијата за натпревари на ФФМ.

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 08.05.2022 година во рамките на 32 коло од Прва МФЛ во Тетово одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Шкендија АД – ФК Шкупи 1927 АД. По завршување на натпреварот согласно изјавата на делегатот на натпреварот сторени се повеќе прекршоци и тоа: Во 2 минута од натпреварот имал прекин од 7 минути поради фрлање со тврд предмет према гостински фудбалер, употреба на пиротехнички средства и фрлање на хартиени ленти на терен. Во 23 минута биле фрлани хартиени ленти на терен. Во 24 минута фрлени на терен пластични шишиња. Во 44 минута биле фрлени пластични шишиња на терен.Во второто полувреме во неколку наврати се фрлени пластични шишиња на терен, додека во 79 минута од натпреварот со тврд предмет е удрен во предел на левиот зглоб вториот помошен судија на натпреварот. Во 90 минута од натпреварот се извикувани пароли со расистичка содржина.

Домаќинот го снимал натпреварот, инцидентите се забележани на снимката.

По разгледување на материјалните докази Комисијата утврди дека дел од жалбените наводи кои се однесуваат на целта на казнувањето и ефектот на казнувањето имајќи ја во предвид улогата на навивачите за изрекувањето на дисциплинската мерка се делумно основани.

Од документацијата во предметот посебно од изјавите на службените лица на натпреварот, евидентно е дека дел од навивачите со крајно неспортското однесување во најголем дел придонеле за слабата организација на натпреварот. Првостепениот орган изрекол дисциплинска мерка согласно член 51 од ДП на ФФМ забрана за одигрување на првенствени-куп натпревари на свој терен со што го санкционирал клубот но само делумно им оневозможил на навивачите да ги следат натпреварите на својот тим односно нецелосно е постигната целта на казнувањето.

Од тие причини а во согласност со член 51 од ДП на ФФМ кој овозможува изрекување на мерка која целосно ќе ја постигне целта на казнувањето  Комисијата го упатува првостепениот орган да ја дополни постапката и ги земе во предвид сите околности или поведе нова постапка, да ја преиспита својата одлука и изрече соодветна дисциплинска мерка.

Имајќи го во предвид погоренаведеното,  согласно  член 145 став 1 алинеа 3  од ДП на ФФМ, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- Дисциплинска комисија на ФФМ
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Арлинда Кадри Шахиновиќ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: www.ffm.com.mk
Е -маил: ffm@ffm.com.mk